МЗМП

Македонско здружение на млади правници

**ОД: Македонско здружение на млади правници**
Ул. Донбас бр.14-1/6 1000 Скопје
Телефон: 02/ 3220-870
Емаил: contact@myla.org.mk

**ПРЕДМЕТ: Покана за номинирање на учесници на онлајн курс за практични правни вештини**

Почитувани,

Македонското здружение на млади правници во рамки на проектот Студентите по право и младите правници – Клучни агенти на промени за унапредување на човековите права и владеењето на правото во Република Северна Македонија" поддржан од Амбасадата на Кралството Холандија во Скопје ќе спроведе сет од меѓусебно поврзани еднодневни курсеви за практични правни вештини.

Курсевите за практични правни вештини се наменети за студенти по право и млади дипломирани правници со цел да ги зголеми нивните знаењата и вештините на следните теми:

- правно пишување;
- правно говорење;
- интервјуирање и советување;
- вештини за судење;
- правно расудување и аргументирање и
- правно истражување и етички аспекти на правната професија.

Првата обука за правно пишување се одржа на ден 23.03.2023 година, додека втората обука за правно говорење се одржа на ден 08.05.2023 година.

**Третата предвидена обука од курсот на тема интервјиурање и советување ќе се одржи на ден 16.10.2023 година (понеделник) со почеток од 14:00 часот, на платформата zoom.**

Ве замолуваме да номинирате најмалку двајца млади правници од Вашата правна клиника за учество на обуката на тема интервјуирање и советување со цел јакнење на нивните капацитети и стекнување на дополнителни вештини и знаења.

Пријавувањето на учесниците е со пополнување на формуларот (во прилог) на е-пошта: amarkovska@myla.org.mk, **најдоцна до 15.10.2023 година.**

На учесниците кои ќе се пријават да учествуваат на обуката на тема интервјирање и советување, ќе им биде испратен линк за вклучување и следење на истата и агенда за обуката
.

За дополнителни прашања во врска со пријавување и номинирање на учесници можете да се обратите на телефонскиот број (02) 3 220 870, лице за контакт Андријана Марковска.

МЗМП е невладина организација, формирана со цел зајакнување на придонесот на младите правници во унапредување на правничката професија, заштита на човековите права и слободи и унапредување на принципот на владеење на правото во Република Северна Македонија преку учество и работа на конкретни проекти. Во своето работење МЗМП става посебен фокус на континуирана едукација на младите правници.

Со почит,

Александра Цветановска,
Претседателка на МЗМП